Врз основа на член 149 точка 1, од Законот за високо образование (Службен весник на РСМ, број 82/18), член 72 од Статутот на Факултетот за исламски науки - Скопје, во согласност со Правилникот за единствените услови за организација на постдипломските и докторските студии на Факултетот за исламски науки - Скопје, како и врз основа на Одлуката на Научниот Наставен Совет на Факултетот за исламски науки - Скопје, донесена на 72-та редовната седница одржана на 30.04.2026 год., Деканатот на Факултетот за исламски науки – Скопје објавува:

# К О Н К У Р С

за запишување студенти на постдипломски студии на Факултетот за исламски науки - Скопје, с. Кондово б.б. во академската 2026/2027 година

## I. СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ И БРОЈОТ НА СТУДЕТНТИ

| **Факултетот за исламски науки - Скопје** Студиска програма | Број на Студенти | Времетраење на студиите | Кофинансирање по семестар |
|---|---|---|---|
| **Методика на настава по веронаука** | 40 | Едно годишни-60 ECTS | 500 (евра) |
| **Исламски напредни студии** | 40 | Едно годишни-60 ECTS | 500 (евра) |
| **Исламски напредни студии** | 40 | Две годишни-120 ECTS | 500 (евра) |

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**а). Право на конкурирање имаат сите кандидати кои ги исполнуваат следните општи услови:**

- Студиите од вториот циклус претставуваат продолжение на основните студии.
- На вториот циклус универзитетски студии можат да се запишат лицата кои завршиле соодветна студиска програма од прв циклус студии и ги исполнуваат сите услови според Законот за високото образование, Статутот на Факултетот за исламски науки - Скопје и Правилникот за постдипломски студии и кои на додипломските студии стекнале просечна оценка над 6,1.
- На Студиската програма од втор циклус на студии по Методика на насатава по веронаука можат да се запишат и лица кои имаат запишано но не и завршено студии по методика за настава на веронаука на други високообразовни установи од земјата и надвор. Оваа категориаја на студенти се запишуваат врз основа на трансфер на предмети и академско оптоварување стекнато на вискоообразовната установа. Факултетот донесува Решение за признавање на предмети и академското оптоварување врз основа на компатибилноста на студиските програми.
- На вториот циклус на универзитетски студии за стручна специјализација, со траење од 1 (една) година, или два семестари, односно 60 кредити, може да се запишат кандидатите кои имаат завршен прв циклус на соодветните студии за времетраење од 4 (четри) години, односно 240 кредити.
- На вториот циклус универзитетски академски студии, студиска програма, Исламски напредни студии со времетраење од 1 (една) година, или два семестари, односно 60 кредити, може да се запишат кандидатите кои го завршиле првиот циклус на одделните студии во времетраење од 4 (четири) години, односно 240 кредити.

- На вториот циклус  универзитетски академски студии, студиска програма, Исламски напредни студии со времетраење од 2 (две) година, или четри семестари, односно 120 кредити, може да се запишат кандидатите кои го завршиле првиот циклус на одделните студии во времетраење од 3 (години) години, односно 180 кредити.
- На вториот циклус  универзитетски академски студии може да се запишат кандидатите кои завршиле некоја друга слична студиска програма, после полагањето на диференцијалните Исламски напредни студии 60 ECTS и Исламски напредни 120 ECTS односно Методика на насатава по веронаука, испити на студиската програма на која сака да се запише, со успехот кој е одреден со став 2**.**
- Факултетот одредуваат кои студии се соодветни за запишување на посебни студиски програми од II (втор) циклус, како и условите за запишување на кандидатите кои завршиле други студиски програми, различни од програмата во која се аплицира.
- Компатибилноста на првиот циклусуниверзитетски студии за упис на втор циклус универзитетски студии, како и дополнителните услови за упис на студии од втор циклус, се одредуваат со акт на академската единица, која организира студии со предлог на студиската програма.

**б). Постапка за селекција** на кандидатите на втор циклус на студии ја раководи Комисија на ФИН за реализација на Конкурсот.

- Одлуката за прием и постапката за запишување на кандидатите во втор циклус студии ја спроведува Комисијата на ФИН за спроведување на Конкурсот.
- Ранг-листата на примените кандидати се објавува на огласната табла на Факултетот  како и на интернет страницата на Факултетот.
- Кандидатот којшто смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканската управа, во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите.
- Одлука по приговорот на кандидатот му се соопштува преку Огласна табла како и на уеб страната на Факултетот и таа одлука е конечна.

**в). Странски државјани** и лицата без државјанство од Република Северна Македонија имаат право за упис на студиите од II (втор) циклус на ист начин, како и државјаните на Република Северна Македонија.

Кандидадтот го остварил правото за упис ако неговото име се наоѓа на Ранг листата до бројот определен со конкурс. Доколку во определениот рок за успис кандидатот не го реализира уписот го губи правото за успис и на негово место правото го добива канддатото кој е следен на конечната ранг листата.

III. Трошоците за редовни и вонредни студии на II (втор) циклус на студии ги сноси самиот студент со  самофинансирање на студиите, според одредената сума од I точка на овој Конкурс, како такса за школување. Таксата за школување може да се плаќа во две рати. За магистерскиот труд, студентите плаќаат 500 евра и други дополнителни финансиски средства. Средствата за магистерски труд, односно специјализација, ги плаќаат пред одбраната на магистерскиот труд, односно специјализацијата. Деканската Управа ќе донесе Решение за минималниот број на студенти за почеток на наставата на соодветна студиска програма.

**IV. Рокови за пријавување**

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА УПИС НА СТУДЕНТИ 2026/2027** | **Уписни рокови** | |
|---|---|---|
| | **I уписен рок** | **II уписен рок** |
| **Онлајн апликација (www.fshi.edu.mk)** | 15 Јуни – 04 Септември 2026 | 10 - 21 Септември 2026 |
| **Пријавување на кандидатите** | 01-04 Септември 2026 | 18-21 Септември 2026 |
| **Интервју со кандидатите** | 09 Септември | 23 Септември |
| **Објавување на прелиминарната листа** | 10 Септември | 24 Септември |
| **Објавување на одлука за прием на кандидатите** | 11 Септември | 25 Септември |
| **Упис на кандидати** | 17-18.09.2026 | 25-30.09.2026 |

**По потреба, Факултетот ќе спроведе и трет дополнителен уписен рок.**

**V. Документација за апликација**
При пријавувањето на соодветниот факултет кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. Поплнет формулар на интернет online апликација (**www.fshi.edu.mk**)
2. Пријавен лист за запишување
3. Диплома или Уверение за завршени додипломски, односно прв циклус студии – оригинални документи или заверена фотокопија од истите
4. Уверениje за положени испити, со оценки и кредити (во оригинал, или фотокопија заверена во нотар);
5. Уверение за државјанство,
6. Доказ за познавање на странски јазик
7. Препорака од соодветно муфтинство
8. Кратка биографија (CV)
9. Потврда за уплатени 500 денари на жиро сметка на факултетот за манипулативни трошоци: Халкбанк, А.Д. Скопје сметка 270070852730133
10. Други документи по барање на единицата поврзани со условите за упис

При уписот кандидатите треба да доставуваат:
1. Индекс и студентска легитимација;
2. Три фотографии (од кои две на формат 6 x 9 и една на формат 4 x 5);
3. Пријава за упис;
4. Потврда за уплата на финансиски средства: уплата на први семестар на следната жиро сметка: Халкбанк, А.Д. Скопје сметка 270070852730133.

Пријавниот лист со горенаведените документи се доставува до шалтерите за студентски прашања на Факултетот за исламски науки - Скопје.
Кандидатите за подетални информации може да се упатат до Службата за студентски прашања на втор циклус на студии на Факултетот за исламски науки - Скопје.

**Факултет за исламски науки - Скопје**